**З А П И С Н И К бр. 43**

Од одржаната 43-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 30.12.2019 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници освен оправдано отсутните Јохан Горгиев и Душко Горгиев. Останати присутни:Методи Николов, Градоначалникот , Горан Кокев, Илиова Ленче и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 42 седница,**
2. **Предлог Буџет на општина Зрновци за 2020 година,**
3. **Одлука за извршување на Буџетот на општина Зрновци за 2020 година,**
4. **Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година**
5. **Одлука за утврдување на максималниот износ на бодот за пресметување на платата на вработените во јавната установа за деца за 2020 година,**
6. **Буџетски календар за 2020 година,**
7. **Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Зрновци за трет квартал 2019 (К1, К2, К3),**
8. **Одлука за давање на Согласност на Статутот на ООУ Синиша Стоилов – Зрновци,**
9. **Одлука за давање на Согласност на одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за одводнување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП Водна Кула Зрновци,**
10. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП Водна Кула Зрновци,**
11. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот на вработените во КЈП Водна Кула Зрновци,**
12. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП Водна Кула Зрновци**
13. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП Водна КУла Зрновци,**
14. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за овластување на директорот на КЈП Водна КУла – Зрновци да ги преземе сите потребни активности во спроведување на тендерите,**
15. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП Водна Кула Зрновци,**
16. **Одлука за одобрување на спонзорство по повод празникот „Бадник“,**
17. **Одлука за одобрување на спонзорство по повод празникот „Василица“,**
18. **Одлука за одобрување спонзорство по повод празникот „Водици“,**
19. **Разно**

**Тек на седницата:**

Претседателот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Никој не се јави за збор и дневниот ред беше усвоен со 7-ЗА гласа.

1. **Усвојување на записникот од 42 седница,**

Претседателот отвори дискусија по записникот. Никој не се јави за збор и записникот беше усвоен со 7-ЗА гласа.

2. **Предлог Буџет на општина Зрновци за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Виктор Новков кој кажа дека нивната советничка група на СДСМ била постојано напаѓана дека го кочи развојот на општината што не е точно. Тој кажа дека се каснело со нацрт и предлог Буџетот и дека и порано одлуки на Советот не биле до крај спроведувани.Тој продолжи дека кога се носело буџет на седница не требало да има други точки а сега имало дури 19.Тој најде и забелешка зошто кварталниот извештај за третото тромесечие дури сега се наоѓа на дневен ред. Тој јавно праша дали тоа значи дека советниците се јавно потценуваат и омаловажуваат? Тој кажа дека како знак за добра волја досле советниците од СДСМ бидејќи поинаку нема да се усвои Буџетот за 2020. Ленче Илиова се јави за збор и одговори дека има оправдани причини зошто сега се усвојува буџетот дека циркуларното писмо од страна на Министерството за финансии стигнало дури на 19. Јануари и дека до последен момент се чекало на приливи од министерството да се исплатат суми што биле предвидени за во Буџетот од 2019. Во врска со кварталниот извештај таа била спремна но поради недоразбирање се каснело дури на оваа седница. За збор се јави и претседавачот кој кажа дека тој бил во постојана комуникација со ленче во врска со подготовката на буџетот и ставање на истиот на точка на дневен ред и дека причините биле објективни. Во продолжение Ленче Илиова го појасни предлог буџетот



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

како што е даден и во материјалите пред советниците. Таа кажа дека немало поголеми отстапувања од минатиот буџет и дека основниот општински буџет е 24 милиони денари а вкупниот е 53.180.000 мкд.Виктор Новков праша за ставка 427 за нови вработувања. Му беше одговорено дека предвидено вработување на хигиеничар и комунален редар. Збор зеде и Градоначалникот кој кажа дека неодамна од сметката на општината Гранит има повлечено 920.000 мкд на база на долгот кон нив и дека таа сума е значајна за општината. Тој се наврати на генезата на долгот кон Гранит и кажа дека се надева до крајот на мандатот овој долг значително да се намали. Тој кажа дека во наредниот период се најавуваат донации така да општината заедно со советниците и администрацијата ќе може да решат уште проблеми на граѓаните. На крајот предлог Буџетот за 2020 год беше усвоен со 7-ЗА гласа.

3. **Одлука за извршување на Буџетот на општина Зрновци за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Ленче Илиова ја појасни потребата од донесување на оваа одлука. Немаше дискусија и точката беше усвоена со 7-ЗА гласа.

4. **Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Ленче Илиова појасни дека како и секоја година врз основа на писмо од Министерството за финансии Советот ја потврдува оваа одлука. Таа кажа дека до овој момент нема промени во вредноста на бодот. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

5. **Одлука за утврдување на максималниот износ на бодот за пресметување на платата на вработените во јавната установа за деца за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Ленче Илиова која ја појасни потребата од донесување на оваа одлука со цел да се изедначат и остнатите вработени во установата со новите измени на законот за минимален личен доход. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

6. **Буџетски календар за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Ленче Илиова го појасни значењето на овој документ кој највеќе се однесува на подготовките за донесувањето на Буџетот за 2021 како еден вид календар со 3 фиксни дати. Документот беше изгласан со 7-ЗА.

7. **Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Зрновци за трет квартал 2019 (К1, К2, К3),**

Претседателот отвори дискусија по точката. Ленче Илиова ги појасни ставките од извештајот.Тоше Андонов побара ако е можно извештаите да бидат попрегледни и со поголем фонт. Ленче му одговори дека обрасците се со пропишан формат и изглед од страна на министерството за финансии. Извештајот се усвои со 7-ЗА гласа.

8. **Одлука за давање на Согласност на Статутот на ООУ Синиша Стоилов – Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Методи Николов појасни дека Стратутот е подготвен согласно новите измени пропишани во теркот од страна на МОН. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

9. **Одлука за давање на Согласност на одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за одводнување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП Водна Кула Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на директорот Горан Кокев. Тој кажа дека согласно препораките од регулаторната комисија УО одлучил цената да биде 6 ден/м3. Градоначалникот го праша да ги каже и горните и долните граници предложени од страна на комисијата. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

10. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП Водна Кула Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев кажа дека одлуката на УО е цената да биде 25мкд/м3. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

11. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот на вработените во КЈП Водна Кула Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев појасни дека висината на бодот е согласно новиот закон за минимален личен доход каде вработените со 3 год средно образование да го земаат мин личен доход.Тоше Андонов побара информации за платите на другите вработени со повисоко образование. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

12. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП Водна Кула Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев појасни дека согласно инструкциите се изработени правилниците за систематизација и внатрешна организација. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

13. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП Водна КУла Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев појасни дека претпријатието има изготвено и правилник за внатрешна организација. Тоше Андонов праша дали советниците може да го видат. Одговорот беше дека штом се добие согласност од Министерството за информатичко општество истите правилници ќе бидат испечатени и дадени на увид на советниците. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

14. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за овластување на директорот на КЈП Водна КУла – Зрновци да ги преземе сите потребни активности во спроведување на тендерите,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев појасни дека оваа одлука значи давање на овластување на директорот доколку се јави потреба да се отпочнат активности за спроведување на јавна набавка. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

15. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП Водна Кула Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев појасни дека увидувајќи дека веќе нема потреба од сменско работење во фабриката за вода УО донел одлука да ја укине одлуката за сменско работење а доколку има потреба тоа да се реши со интерна одлука. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

16. **Одлука за одобрување на спонзорство по повод празникот „Бадник“,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Беше предложено давање на спонзорство во вид на вредносно писмо во вредност од 3000 ден. Претседателот спомна дали можеби е добро да се купи котел и друга опрема бидејќи секогаш кумовите немаат можност истиот да се најде. Одлуката беше донесена со 7-ЗА.

17. **Одлука за одобрување на спонзорство по повод празникот „Василица“,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Беше предложено да се даде спонзорство во висина од 2500 мкд. Одлуката беше донесена со 6-ЗА и 1 воздржан.

18. **Одлука за одобрување спонзорство по повод празникот „Водици“,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Беше предложено да се даде спонзорство во висина од 4.000 мкд од кои 3000 мкд да биде паричната награда на срећниот факач на крстот. ( Се остави можност во договор со попот тоа да биде вредносно писмо или награда во вид на купен предмет.) одлуката се донесе со 7-ЗА гласа.

19. **Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката.

За збор се јави Тоше Андонов кој праша колку пари има соберено КЈП од погребалните оператори што се прави со тие пари. Му беше одговорено дека во 2019 имало 27 погреби и дека парите биле добивани на 2 рати. ( 1500мкд од погреб) Понатаму Тоше Андонов го праша Градоначалникот дали има можност за набавка на мала количина на тампон за ул.Тодор Арсов. Му беше одговорено дека после февруари ќе се направат напори да се санира проблемот. Тоше Андонов праша и дали има останато пари од ставката за Советот во 2019? Му беше одговрено дека нема останато пари.

Седницата заврши во 14:20

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)